Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 41 став 1 алинеја 8 и член 15 став 1 алинеја 23 од Правилникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, согласно Заклучокот бр.02-2680/3 од 08.07.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24-та седница одржана на 08.07.2026 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 05-2712/1
09.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ОДЛУКА

1. Се одобрува намалување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, бр.05-2209/1 од 20.05.2026 година. Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, се намалуваат за 3.335.000,00 денари денари, односно изнесуваат 223.725.345,00 денари.

2. Со намалувањето од точка (1) на оваа Одлука се намалуваат финансиски средства во вкупен износ од 6.089.000,00 денари, поради тоа што нема да се спроведат неколку јавни набавки и тоа:

   - Организација на денови на медиумска писменост во износ од 1.770.000,00 денари;
   - Тим Билдинг на вработените во вкупен износ од 1.500.000 денари;
   - Обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми - интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери / влогери / креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ во износ од 600.000,00 денари;
   - Набавка на аудио и видео опрема во износ од 590.000,00 денари и
   - Сертификација на стандардот ISO (27001:2022) - систем за управување со безбедност на информации во износ од 354.000,00 денари.

   Набавката на ИКТ опрема, се предлага да се спроведе за 1.275.000,00 денари помалку, односно досегашните планирани средства во износ од 3.675.000,00 денари да изнесуваат 2.400.000,00 денари.

Дел од средствата кои претходно беа наменети за набавките кои нема да се спроведат, поточно во износ од 2.754.000,00 ден, се пренаменуваат за набавки кои се неопходни за Агенцијата и тоа:

- Набавка на нов систем за ладење, греење и вентилација кој ќе биде инсталиран во зградата во која се сместени седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Министерството за спорт, во износ од 2.000.000,00 денари;
- Одржување на системот за ладење греење и венталција, каде што досегашните планирани средства во износ од 900.000,00 денари за 2026 година, ќе се зголемат за 400.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 1.300.000 денари и
- Ангажирање на фирма за електричарски и водоинсталатерски услуги каде што досегашните планирани средства во износ од 300.000,00 денари ќе се зголемат за 354.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 654.000,00 денари, од

причина што е потребно да се распише нова набавка, бидејќи средствата од тековниот Договор ќе се искористат во целост.

3. Намалувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** се намалуваат за 3.335.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 227.060.345,00 денари, истите изнесуваат 223.725.345,00 денари;
- Приходната ставка **Пренесен вишок на средства од мината година** се намалува за 3.335.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 72.880.345,00 денари, истата изнесува 69.545.345,00 денари;
- **Вкупните расходи** се намалуваат за 3.335.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 227.060.345,00 денари, истите изнесуваат 223.725.345,00 денари;
- Група ставка **402 - Инвестиционо одржување на средствата** се зголемува за 754.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 17.555.000,00 денари, изнесува 18.309.000,00 денари;
- Позицијата **402040 - Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер** се зголемува за 754.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 4.752.000,00 денари, изнесува 5.506.000,00 денари. Зголемените средства се наменети за одржување на системот за ладење греење и венталција, каде што досегашните планирани средства во износ од 900.000,00 денари за 2026 година, се зголемуваат за 400.000,00 денари, односно изнесуваат 1.300.000 денари и за ангажирање на фирма за електричарски и водоинсталатерски услуги каде што досегашните планирани средства во износ од 300.000,00 денари се зголемуваат за 354.000,00 денари, односно изнесуваат 654.000,00 денари, од причина што е потребно да се распише нова набавка, бидејќи средствата од тековниот Договор ќе се искористат во целост;
- Група ставка **409 - Други материјални расходи** се намалува за 1.770.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 12.024.000,00 денари изнесува 10.254.000,00 денари;
- Позицијата **409500 - Расходи за одржување на конгреси и работилници** се намалува за 1.770.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 10.924.000,00 денари, изнесува 9.154.000,00 денари. Намалените средства во износ од 1.770.000,00 денари беа наменети за организација на денови на медиумска писменост;
- Група ставка **417 - Интелектуални и други услуги** се намалува за 800.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 18.232.000,00 денари изнесува 17.432.000,00 денари;
- Позицијата **417700 - Други лични и интелектуални услуги** се намалува за 800.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.700.000,00 денари, изнесува 900.000,00 денари. Намалените средства во износ од 800.000,00 денари беа наменети за Тим Билдинг на вработените во Агенцијата;
- Група ставка **413 - Дневници за службени патувања и патни трошоци** се намалуваат за 700.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.770.000,00 денари изнесува 5.070.000,00 денари;
- Позицијата **413200 - Надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата** се намалува за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 200.000,00 денари изнесува 100.000,00 денари;
- Позицијата **413400 - Надомест за трошоци за ноќевање при службени патувања во земјата** се намалува за 600.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 900.000,00 денари изнесува 300.000,00

денари. Намалените средства во износ од 700.000,00 денари беа наменети за превоз и ноќевање на вработените за време на Тим Билдингот;

- Групна ставка **418 - Останати други расходи** се намалува за 600.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.614.000,00 денари изнесува 6.014.000,00 денари;
- Позицијата **418800 - Други расходи** се намалува за 600.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.614.000,00 денари изнесува 6.014.000,00 денари. Намалените средства во износ од 600.000,00 денари беа наменети за обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери / влогери / креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ;
- Групна ставка **441 - Средства за опрема** се зголемува за 135.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 12.615.000,00 денари изнесува 12.750.000,00 денари;
- Позицијата **441200 - Купување - набавка на машини, уреди, инструменти, ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема** се намалува за 1.865.000,00 денари денари и истата наместо досегашниот износ од 11.465.000,00 денари изнесува 9.600.000,00 денари. Намалените средства беа наменети за набавка на ТВ и аудио опрема во износ од 590.000,00 денари и за набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема, каде планираните средства во износ од 3.675.000,00 денари, се намалуваат за 1.275.000,00 денари, односно истите изнесуваат 2.400.000,00 денари;
- Позицијата **441500 - Купување - набавка на друга опрема** се зголемува за 2.000.000 денари и истата наместо досегашниот износ од 650.000,00 денари изнесува 2.650.000,00 денари. Зголемените средства се наменети за набавка на нов систем за ладење, греење и вентилација кој ќе биде инсталиран во зградата во која се сместени седиштата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Министерството за спорт;
- Групна ставка **442 - Други капитални средства** се намалува за 354.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.806.000,00 денари изнесува 1.452.000,00 денари. Намалените средства беа наменети за сертификација на стандардот ISO (27001:2022) – систем за управување со безбедност на информации.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши намалување на Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година, поради тоа што нема да се спроведат неколку јавни набавки и тоа:

- Организација на денови на медиумска писменост;
- Тим Билдинг на вработените;
- Обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери / влогери / креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ;
- Набавка на аудио и видео опрема;
- Сертификација на стандардот ISO (27001:2022) – систем за управување со безбедност на информации, додека набавката на ИКТ опрема, ќе се спроведе за помалку средства од предвидените.

Дел од средствата кои претходно беа наменети за набавките кои нема да се спроведат се пренаменуваат за набавки кои се неопходни за Агенцијата и тоа:

- Набавка на нов систем за ладење, греење и вентилација кој ќе биде инсталиран во зградата во која се сместени седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Министерството за спорт;
- Одржување на системот за ладење греење и венталција за 2026 година и
- Ангажирање на фирма за електричарски и водоинсталатерски услуги, бидејќи средствата од тековниот Договор ќе бидат исцрпени во целост.

За да се намалат средствата од неспроведените јавни набавки во износ од 6.089.000,00 денари, а дел од нив поточно во износ од 2.754.000,00 денари за да се пренаменат за други неопходни набавки, направени се измени на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година и тоа:
Приходната ставка **Пренесен вишок на средства од мината година** се намали за 3.335.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 72.880.345,00 денари, истата изнесува 69.545.345,00 денари. Ставката **402 - Инвестиционо одржување на средствата** се зголеми за 754.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 17.555.000,00 денари, изнесува 18.309.000,00 денари. Позицијата **402040 - Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер** се зголеми за 754.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 4.752.000,00 денари, изнесува 5.506.000,00 денари. Зголемените средства се наменети за одржување на системот за ладење греење и венталција, каде што досегашните планирани средства во износ од 900.000,00 денари за 2026 година, се зголемуваат за 400.000,00 денари, односно изнесуваат 1.300.000 денари и за ангажирање на фирма за електричарски и водоинсталатерски услуги каде што досегашните планирани средства во износ од 300.000,00 денари се зголемуваат за 354.000,00 денари, односно изнесуваат 654.000,00 денари, од причина што е потребно да се распише нова набавка, бидејќи средствата од тековниот Договор ќе се искористат во целост;
Ставката **409 - Други материјални расходи** се намали за 1.770.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 12.024.000,00 денари изнесува 10.254.000,00 денари. Позицијата **409500 - Расходи за одржување на конгреси и работилници** се намали за 1.770.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 10.924.000,00 денари, изнесува 9.154.000,00 денари. Намалените средства во износ од 1.770.000,00 денари беа наменети за организација на денови на медиумска писменост. Ставката **417 - Интелектуални и други услуги** се намали за 800.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 18.232.000,00 денари изнесува 17.432.000,00 денари. Позицијата **417700 - Други лични и интелектуални услуги** се намали за 800.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.700.000,00 денари, изнесува 900.000,00 денари. Намалените средства во износ од 800.000,00 денари беа наменети за Тим Билдинг на вработените во Агенцијата. Ставката **413 - Дневници за службени патувања и патни трошоци** се намали за 700.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.770.000,00 денари изнесува 5.070.000,00 денари. Позицијата **413200 - Надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата** се намалува за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 200.000,00 денари изнесува 100.000,00 денари. Позицијата **413400 - Надомест за трошоци за ноќевање при службени патувања во земјата** се намали за 600.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 900.000,00 денари изнесува 300.000,00 денари. Намалените средства во износ од 700.000,00 денари беа наменети за превоз и ноќевање на вработените за време на Тим Билдингот. Ставката **418 - Останати други расходи** се намали за 600.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.614.000,00 денари изнесува 6.014.000,00 денари. Позицијата **418800 - Други расходи** се намали за 600.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.614.000,00 денари изнесува 6.014.000,00 денари. Намалените средства во износ од 600.000,00 денари беа наменети за обезбедување на пристап до платформа за мониторинг и изработка на извештаи за онлајн медиуми – интернет портали и социјални мрежи со фокус на инфлуенсери / влогери / креатори на содржини и за објави поврзани со АВМУ. Ставката **441 - Средства**

**за опрема** се зголеми за 135.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 12.615.000,00 денари изнесува 12.750.000,00 денари. Позицијата **441200 - Купување - набавка на машини, уреди, инструменти, ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема** се намали за 1.865.000,00 денари денари и истата наместо досегашниот износ од 11.465.000,00 денари изнесува 9.600.000,00 денари. Намалените средства беа наменети за набавка на ТВ и аудио опрема во износ од 590.000,00 денари и за набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема, каде планираните средства во износ од 3.675.000,00 денари, се намалија за 1.275.000,00 денари, односно истите сега изнесуваат 2.400.000,00 денари. Позицијата **441500 - Купување - набавка на друга опрема** се зголеми за 2.000.000 денари и истата наместо досегашниот износ од 650.000,00 денари изнесува 2.650.000,00 денари. Зголемените средства се наменети за набавка на нов систем за ладење, греење и вентилација кој ќе биде инсталиран во зградата во која се сместени седиштата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Министерството за спорт. Ставката **442 - Други капитални средства** се намали за 354.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.806.000,00 денари изнесува 1.452.000,00 денари. Намалените средства беа наменети за сертификација на стандардот ISO (27001:2022) – систем за управување со безбедност на информации.

Имено, со предложеното намалување на финансискиот план за 2026 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се намалија за 3.335.000,00 денари и истите изнесуваат 223.725.345,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски бр. 01-3632/1 од 22.08.2025 година, согласно Заклучокот бр.02-2680/3 од 08.07.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24-та седница одржана на 08.07.2026 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Сашо СТЕФАНОВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.